UDC 316.334.33:339

Kujtim Kasami[1]

# KULTURA POLITIKE, PROCESI ZGJEDHOR DHE STANDARDET E SJELLJES ETIKE NË REPUBLIKËN E MAQEDONISË

# ПОЛИТИЧКА КУЛТУРА, ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС И СТАНДАРДИТЕ ЗА ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# POLITICAL CULTURE, THE ELECTION PROCESS AND STANDARDS OF ETHICAL CONDUCT IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**ABSTRACT**

For us, it has become a rule for elections to speak only through the prism of the irregularity of the electoral process, and barely a competent debate is opened on systematic solutions in the election law and their evaluation in terms of the effects they have on two key objectives which an electoral system should achieve, such as a stable government and a representative parliament. Throughout this period, the involvement of the scientific community is just a reaction to the debate between the parties, rather than a more serious rethinking of the qualified expert public that deals with this topic. In this sense, this paper focuses on the debate that led to the political culture of the electoral process. It relates to the possibility standards for ethical behavior to start being involved in the electoral process. In the modern world the need to reconnect the ethics and politics is most clearly seen through new political processes and activities, as well as its new axiology that occurs as an acting imperative of the contemporary human practice. Even more, the ethics understood as moral philosophy nowadays is possible only on the basis of existing "ethos" and its rules of common life, respectively mostly through the political living understood as a set of relations of people or citizens of a city, municipality, state, according to which action and the policy itself get their significance and meaning.

Keywords: political culture, election, election process, ethical conduct, political parties

**АПСТРАКТ**

Кај нас, стана правило за изборите да се говори само низ призмата на нерегуларноста на изборниот процес, а речиси воопшто не се отвори компетентна расправа за систематските решенија во Законот за избори и нивно вреднување од аспект на ефектите кои ги имаат врз двете клучни цели кои треба да ги оствари еден изборен систем, а тоа се стабилна влада и репрезентативен парламент. Во целиот овој период вклучувањето на научната јавност е само реакција на дебатите меѓу партиите, а не на посериозни промислувања на квалификуваната експертска јавност која се занимава со оваа тема. Во таа смисла овој труд се фокусира на дебата што се води за политичката култура на изборниот процес. Станува збор, за можноста стандардите за етичко однесување да се вклучаат (на) во изборниот процес. Во модерниот свет потребата од повторно поврзување на етиката и политиката најасно се гледа низ новите политички процеси и дејствија, како и преку нејзината нова аксиологија која се јавува како нужен дејствен императив на современото човеково практицирање. Уште повеќе, етиката сфатена како морална филозофија денес е можна само врз основа на постоечкиот “ethos” и неговите правила на заеднички живот, односно најмногу преку политичкото живеење сфатено како

[1] Кујтим Касами е Магистер по Комуникации, кандидат на докторски науки, Директор на ЦОУ “Милто Гурра” с.Стрелци – Кичево и ангажиран како асистент парт-тиме во ДУТ, Правен Факултет, Кичево.

збир од односи на граѓаните или државјаните на еден град, општина, држава, спрема чие дејствување и самата политика добива свое значење и смисла.

**Клучни зборови:** *политичка култура*, *избори*, *изборен процес*, *етичко однесување*, *политички партии*

## ВОВЕД

Во денешно време односно во дваесетипрвиот век, после распаѓањето на некои екс авторитативни политички системи во извесни одамнешни битни држави во националната и меѓународна сцена, како социјалистичкиот па и комунистичкиот систем, се разбуди еден многу значителен интерес за културата на избирачите, за тие кои се избираат, па и за политичките партии. Особено, тука може да се спомне Бушовата доктрина за демократизирање на Светот по секоја цена, значи на некој начин, со различни средства на влијание.

Ако во споредбените истражувања на изборите во осумдесеттите и почетокот на деведесите години од минатиот век, приоритетна тема биле предносите и недостатоците на изборните модели, последниве две декади, особено со искуства од земјите во транзиција, вниманието се дефокусира и се насочува и кон една друга компонента на изборите. Станува збор за етичкото однесување и нејзиниот придонес кон кредибилитетот на изборниот процес. Посебно значајно е што ова прашање ги надминува рамките на националниот суверенитет, односно претпоставува дополнителна верификација на демократскиот карактер на изборите и од страна на меѓународните институции. Станува збор за многу важна оценка која има реперекусии врз аспирацијата за евроатланска интеграција на овие држави.

Оваа статија има за цел да даде концептуална рамка за анализата на специфичните области од македонската изборна политика што се сметаат за комплексни и за круцијални во унапредувањето на институционалниот и на политичкиот капацитет на Македонија. Тие се замислени да придонесат во напорите на државните органи да организираат и да спроведат фер и демократски избори што ќе бидат во духот на меѓународните стандарди и на најдобрите практики на етичко однесување.

Кога се говори за овој аспект на изборите, кај нас, упатно е да се забележи дека бројните контроверзии што ги следеа изборите, во поголема мера беа рефлексија на еден поширок општествено-политички контекст, отколку на дефицит на изборната регулатива. Во оваа расправа ќе стане збор за политичката култура воопшто, за нејзината дефиниција, типологијата, факторите, како и за политичката

култура на избирачите, за изборниот процес, за демократијата и за важноста на поврзаноста помеѓу политиката и етичкото однесување.

# Политичка култура

## *Концептот на политичката култура*

Во теоријата долго се дебатирало за можноста концептот на политичката култура да се дефинира и да се објасни. Низа автори укажувале дека концептот на политичката култура е недофатлив, бидејќи е премногу широк. Ако Ховствел (Hovstwel) ни сугерира дека културата за човековата заедница е она што е личноста за една индивидуа, тоа не ни помага премногу, бидејќи концептот на личноста е исто така тешко дофатлив или е апстрактен.

Проблематизирајќи го ова прашање, некои автори ќе додадат дека една од потешкотиите за нејзиното дефинирање и проучување произлегува и од факторот време. "Дури и да знаеме што подразбира дефиницијата за културата воопшто, во еден даден момент, имаме голем проблем кога концептот го третираме во неговата динамична димензија."[2]

Но сепак, поимот политичка култура од неодамна се применува во политичките студии- прв го употребил американскиот политолог Габриел Олмонд (Gabriel Olmond), а близок е на традиционалните политички концепти, како што се: политичка идеологија, политичка традиција, политички етнос, национален карактер, итн.

Но, иако поимот политичка култура е релативно нов, тоа не може да се каже и за проучувањето на политичката култура. Уште античката политичка филозофија го проучувала влијанието на културата врз делувањето на политичките интитуции, а арапскиот историчар Ибн Халдун (Ibn Halduni) во основа ја развива идејата за политичката поддршка како неопходен услов за стабилноста на политчкото владеење. "Русо во студијата за политичкото владеење има направено целосен проект за „граѓанскиот тренинг", а Џон Стјуарт Мил (John Stuard Mil) се обидел да ја основа „етологијата" како наука на политичкиот карактер. Студиите на Макијавели, Монтескје, Беџхот и Токвил даваат брилијантни описи на

[2] Мирчев Д., Христова Л. (2008), *Модерната политологија,* Скопје, Универзитет ФОН и Култура, стр. 199-200.

„националните политички карактери" на Англичаните, Французите, Американците и Италијанците."[3]

За политичката култура во литературата можеме да сретнеме голем број дефиниции, кои што имаат различни гледишта за овој концепт меѓу кои се: "Политичката култура е збир на сите материјални и духовни вредности (процеси, промени и творби) кои настанале како последица на материјалната и духовна интервенција на човекот во природата, општеството, мислењето. Пред сѐ, тука се истакнуваат општите сознанија кои претходат и следат, но и целината на интелектуални, морални и материјални аспекти на елементите кои ја карактеризираат определена цивилизација."[4]

Според Олмонд (Gabriel Olmond) и Верба (Sindi Verba), политичката култура е психолошко ориентирање спрема општествените објекти, односно политичкта култуа е мрежа на ориентации на припадниците на општеството спрема клучни политички објекти.

Според Олмонд имаме четири типови на политички култури:

- Прединдустриска
- Тоталитарна
- Англо-американска
- Континентално-европска[5]

Но, основна слабост на оваа класификација е тоа што нема еден јасен, основен критериум врз основа на кој е извршена, односно поединечните типови се конструирани спрема потполно различни карактеристики.

Според Бир (Tomas Bir) и Улам (Adam Ulam) политичката култура претставува „варијабила, детерминантен фактор" на политичкиот систем и посебен аспект на општата култура која се однесува на тоа како да се управува со политичкиот систем и што тој треба да прави.

Роберт Дал (Robert Dal) внесува нови димензии во анализата на политчката култура. Според него политичката култура е мрежа на политички ориентации составена од:

- **Ориентации кон политичкиот систем** – можат да бидат позитивни, апатични и оттуѓувачки;
- **Ориентации кон другите луѓе** – можат да бидат политичката доверба и недоверба;
- **Ориентации кон колективната акција** – во колективната акција може да е нагласен елементот на кооперативност и елементот на некооперативност; и
- **Ориентации кон решавање на проблеми** – можат да бидат прагматични или

[3] Митков В., Климовски С. (1995), *Плитички и Уставен систем*, Скопје, Просветно Дело, стр.335.
[4] Симоска Е. ,Габер Н. ,Бабунски К. (2001), *Политичката Култура на граѓаните на Република Македонија*, Скопје , Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, стр.5.
[5] Климовски С.,(2000), *Уставен и Политички Систем,* Скопје, стр.978 .

пационалистички.[6]

### *Типологии на политичка култура*

Во политичката теорија постојат повеќе типологии на политичката култура. Најпозната е она на Габриел Олмонд и Синди Верба, до која дошле со расчленување на поимот политичка култура. Според овие автори имаме три типа на политичка култура:

- **Парохијална култура** – означува традиционална култура во која пооделните улоги не се специфицирани, односно во која економските, политичките и религиозните улоги практочно се претопуваат, на пример, во Мексико;
- **Поданичка култура** – се однесува на еден диференциран политички систем, каде поединечните улоги се распределени помеѓу субјектите, но во кој улогата на граѓанинот е сосема пасивна, пример: Италија, Германија;
- **Партиципативната култура** – се однесува на едно диференцирано општество, со јасно распределни улоги каде што граѓанинот има изградено јасни аспирации за активно учество, пример: САД и Велика Британија.[7]

Олмонд и Верба нагласуваат дека се работи за три идеални типа на политичка култура, кои во реалноста практично не постојат. Кај сите нации се среќава една мешавина на елементи од трите посочени типа, со тоа што, во зависнност од конкретното општество, преовладуваат едни или други елементи. Тоа впрочем, го покажуваат и резултатите добиени во нивното компаративно истражување.[8]

Исто така овие политолози истакнуват дека таа не претставува приказ на историски или еволутивен развиток од една политичка култура кон друга, односно дека тие се заменуваат една со друга, по некој историски след. Напротив, тие меѓу себе се комбинираат и се мешаат, па во практиката не можат да се најдат чисти типови на политичка култура. Така постојат парохијално-поданички култури, поданичко-партиципативни култури, парохијално-партиципативни култури. "Посебно внимание Олмонд и Верба и посветуваат на т.н. граѓанска (civil) култура. Тоа е мешовита политичка култура. Во неа многу поединци се политички активни, но исто така има и многу кои се поднички пасивни."[9]

### *Фактори кои влијаат на формирање на политичката култура*

Факторите кои влијаат врз формирање на политичката култура се: политичка традиција и политичка социјализација.

---

[6] Ibid. Стр. 979-980.

[7] *Political Socialisation & Political Culture*, GVPT 100, Septembre 17, 2007.

[8] Мирчев Д.,Христова Л. (2008), *Модерната политологија,* Скопје, Универзитет ФОН и Култура, стр. 201.

[9] Климовски С. (2000), *Уставен и Политички Систем,* Скопје, стр.981.

- **Политичката традиција** во себе ги обфаќа сите големи политички и колективни настани, а исто така и сите оние пошироки настани кои посредно или непосредно имаат големо значање за заедничката екзистенција и самосвест за идентитетот на поедини народи, како што се големите преселби, верски и културни расколи и сл.;[10]
- **Политичка социјализација** – се подразбира целината на сите процеси, по пат на кои нормите на политичка култура во одреден политички систем се стекнуваат, одржуваат и менуваат. Втората страна на политичката социјализација ја чини оспособувањето на индивидуите да делуваат како политички актери во рамките на одреден политички систем и да носаат соодветни политички функции.[11]

### *Политичката социјализација и политичката култура на избирачите*

Насловот на ова точка можеше да гласи и социјализација на политичката култура. Оттука, политичката социјализација е во специфична и континуирана спрега (причинско-последична) со веќе стекнатата политичка култура во едно конкретно општество. Тие постојано ги менуваат улогите – еднаш како причини, другпат се појавуваат како последици. Овде, ова меѓудејство се претставува како политичка, поконкретно, како изборна култивација во едно конкретно општство. Оттука, политичката кулкултивација за изборите ги опфаќа сите учесници кои се “номинирани” во една држава: “оние кои треба да избират, потоа оние кои сакат да бидат избирани, преку оние кои им помагаат да бидат избирани, а, пред сè, државата, односно, политичката култивација на државните органи задолжени за законско спроведување на изборите.”[12]

Во ова статија е мошне значајно согледувањето на нивото на политичката култивација на избирачите, на генерално ниво, па и во одделни региони и помали средини (општини, изборни единици, понекогаш и избирачки места). Ова е битно заради тоа што ние можеме да се сретнеме со различни изборни ефекти, почнувајќи од заинтересираноста на изборите, преку вистинскиот избор на политичката опција, па се до ползувањето на сите права што им припаѓат од изборите, до правото за повикување на одговорност на тие што ја злоуптребиле нивната доверба.

Не да се заборави дека ниту избирачите не треба да се абсолвираат од одговорноста за својата изборна “неукост” за своите права и можности во изборите. “Но ова не е толку битно за истражувачот, колку што е значајно сознанието за

[10] Митков В., Климовски С. (1995), *Плитички и Уставен систем*, Скопје, Просветно Дело, стр.340-341.
[11] Климовски С., *Уставен и Политички Систем,* Скопје, стр.982-983.
[12] Веригиќ М. Душан, (2000), *Изборни Прогнози,* Институт за Социолошки и Политичко-Правни Истражувања, Скопје, стр. 155-156.

различноста на политичката култивираност на избирачите кои би имале „удел“ во политичкото приклонување кон некоја од понудените политички опции или пак, воопшто, игнорирање на изборите. Од друга старана, политичката култивација на оние кои сакаат да бидат избрани на изборите (кандидати на политички партии или независни кандидати), истражувачот, и тоа како, има потреба да ја познава, политичка организираност, кадровската политика во самата партија, како и при предлагањето на содветен кандидат за конкретна средина, на пример, изборна единица, градоначалник, листа на советници итн. Политичкото дејствување во државата, преку научување на предностите и недостатоците на изборните модели, за нивна измена во своја корист или, во крајна линија, а што е значајно, прилагодување на својата партиска политика, пред, за време или по изборите кон постојниот изборен модел, што би произвело општа едукација за најсоодветен избор на стратегијата и тактиката на политичката партија, спуштајќи сè до бирањето на начин и стил на водење на политички маркетинг и пропаганда, поконкретно на предизборнакампања, како и преку избор на содржини кои им се нудат на избирчите како реални, остварливи, конкретни, привлечни, повеќе краткорочни, понекогаш и долгорочни, посебно водејќи сметка за пораките, слоганите и ветувањата што се испраќаат до електоратот.”[13]

Тоа што е битно за да се зборува тука, е и значањето на политичката култура на учесниците во изборниот натпревар, најчесто се подразбира културата на меѓупартиското „препукување“ во предизборните кампањи, што би се рекло барање на фер-плеј односно во настапите пред политичката јавност. “За таа цел се превземаат претходни активности, формални, односно официјални, неофицијални, билатерални или мултилатерални партиски договарање или “заветувања” и така натаму, заложби за прифаќање на “европскиот терк” на изведување на парламентарни или други избори.”[14]

Во овој прилог посебно вниманије треба да биде посветено на атрибутите на политичката култура, каде авторите ги сместуваат: политичката јавност, културата на политичкото соочување, ориентацијата на избирачите кон нешто ново, патријархалноста и семејството, традицијата, нормите и обичаите, идеологијата, национализмот, националната хетерегеност на избирачкото тело, верското влијаније пред политичкото, влијанието на непартиските организации. Значи сите овие атрибути имаат свое место во политичката култура на избирачите. Колку, овие атрибути влијаат во нашата гласачка средина?

Може да се констатира дека овие се атрибути кои не само во нашата средина, туку и во секоја гласачка средина имаат големо влијание.

## Изборниот процес

[13]Ibid. 156-157.
[14]Ibid. 157.

Изборите се универзална форма за артикулирање на политичкиот плурализам и на демократијата, како и основен инсртумент на секое демократско општество за мирно освојување на власта. Уривајќи ги темелите и институциите на аристократската држава и апсолутната монархија, буржоазијата морала да го смени начинот на регрутирање на највисоките носители на политичката власт, специфичен за феудализмот.

"Изборите се процес со кој народот му го доверува вршењето на политичката власт на претставничкото тело, а во многу современи, демократски држави и на претседателот на Републиката, кои ја претставуваат неговата суверена волја. Со нив и преку нив државната власт се стекнува со легитимитет и легалитет."[15]

Уставот на Република Македонија предвидува права, воедно и обврски (одговорности) на Собранието, Владата, органите на управата и судството, како под кои услови и рокови да ги организираат слободните, непосредни и демократски избори, како една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија (Чл. 8 ст. 5 од Уставот). Веднаш се напомнува дека државната власт (законодавната, извршната и судската) во изборите, односно изборниот процес има одредена самостојност (ингеренции, место, улога, права, одговорности, обврски).

"Изборниот систем е збир на општествени односи, активности и постапки што настануваат при изборот на претставничките тела и претседателот на Републиката што се уредени со правни прописи."[16]

Значи, изборниот систем е синтеза на формално-правни и политичко-социолошки елементи. Колку е помал расчекорот помеѓу овие две категори, толку повеќе овој важен потсистем на општествениот систем значи остварување и потврда на консензусот помеѓу носителите на функциите на власт и нивните претставници.

Изборниот процес во современото општество претставува клучен елемент на легитимирање на политичкиот процес, показател на видот, капацитетот и ефикасноста на неговите демократски управувачки практики. „Современета демократија не се вреднува само преку учество во непосредниот избор на носителите на власта, туку и според фер компетитивната плуралистичка понуда и идеи, проекти и платформи за целокупниот спектар на социјално живеење и развивање на добри управувачки практики со општеството, според мерката на граѓанинот."[17]

Иако изборите претпоставуваат натпревар врз прецизно дефинирани правила за игра, сепак, станува вообичаено по изборите да се отвора расправа на веќе востановите правила. Ваквата атмосфера, е практика и кај нас. Ова, меѓу

---

[15] Силјановска Г., Трендафилофска Т., Тренеска Р. (2001), *Прирачник за полагање преоден испит,* Скопје, Фондација Институт Отворено Општество во Македонија, стр.41.

[16] Ibid.

[17] Види: Јакимовски Ј., (2007) *Научно – технолошкиот развој и етиката*, Етиката во современата наука, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје.

другото, се должи на фактот што легимитетот на власта не произлегува само од изходот на изборите, туку и од однесувањето на клучните политичките сили во текот на изборите, односно од нивното почитување на законски утврденета процедура. Респектирањето на правилата на игра резултираат со легитимен парламент и легитимна политичка елита кои ја презентираат волјата на избирачите. Спротивно, повлекува дубиози кои обично се користат од страна на политичките субјекти во нивните дневни пресметки, што може, во одредени околности, да го загрози и функцирањето на политичкиот систем.

Секако, "изборните системи не се составени само од изборни правила, туку вклучуваат и определена политичка култура, како амбиент во кој се остварува изборниот процес."[18]

Изборите се процес на донесување одлуки при што граѓаните гласаат за кандидатот или политичката партија кој го преферираат како свој претставник во претставничкото тело. Во современите демократски системи изборите го претставуваат механизмот преку кој се пополнуваат мандатите во законодавните тела, а понекогаш и во извршните и судските органи. Покрај на државно ниво, избори се спроведуваат и во многу граѓански организации.

Донесувањето на одлука за избор на претставници, кои во името на граѓаните ќе носат и спроведуваат одлуки, претставува демократски чин во една држава. Изборите претставуваат механизам преку кој се конституира власта и „во претставничките демократии изборите имаат две главни задачи: 1) обезбедуваат легитимитет за вршење на власта за избраните од страна на граѓаните; и 2) се средство кое избраните политичари се држат одговорни за своите акции за време на мандатот."[19]

## Улогата на медиумите во изборниот процес

Новинарите и медиумите даваат значаен придонес за одржувањето на слободни, фер, демократски и мирни локални и парламентарни избори. Особено признание заслужуваат оние новинари, редакции и медиуми кои, и во услови на вкрстени притисоци од центрите на политичка и економска моќ, настојуваа доследно да се придржуваат според високите професионални стандарди и вредности во известувањето. Во професионалната новинарска и поширока медиумска заедница сѐ повеќе треба да дојде до израз и почитувањето на кодексите и другите саморегулирачки механизми, со што би се стеснил просторот државата или други регулаторни тела да го шират своето влијание и врз продукцијата и содржинскиот контекст на медиумските производи.

[18]Види: Јовевска А., и Габер Н., (2008) *Изборниот систем во Република Македонија – актуелни теми.* Годишник на ИСППИ, Скопје.
[19]Ванковска Б., (2007) Политички систем, Скопје, Бомат графикс, стр.55.

Во Македонија е создадена и реално функционира плуралистичка медиумска структура, во која доминантна е приватната сопственост. И според бројот на печатените и аудиовизуелните медиуми, во споредба со големината на територијата и вкупното население, а особено степенот на економска развиеност, Македонија според сите реални параметри има премногу голем број на медиуми. Нивното опстанување на малиот и недоволно развиен пазар е под силно влијание на таблоидизацијата и продукцијата на банални содржини, со надеж дека така полесно ќе се „продадат" на публиката. Во услови на остра конкуренција на пазарот, особено на телевизискиот, се развива и една типично „гладијаторска борба" за што поголем дел од маркетиншкиот колач. Во услови кога и државата, а особено Владата и други органи се јавуваат како огласувачи, се создаваат поволни услови за формирање на "медиумско-политички коалиции". Една од специфичностите на македонскиот медиумски пејсаж, е што телевизии во приватна сопственост, во различни периоди и зависно од конјуктурата и на економскиот и на политичкиот пазар, ја трансформираат својата програмска ориентација како провладина или проопозиционерска. Една од причините за ваквата парадоксална состојба е што МРТ како јавен радиодифузен сервис речиси 20 години е во програмска, економска и технолошка криза, и дури сега се навестуваат можности за реално извршување на неговата општествена мисија.[20]

## Демократија и етичкото однесување

Без филозофска инспирација, политиката е осудена на прагматизам и губење на позитивна перспектива. "Тоа посебно го нагласуваме затоа што еден научно фундиран политички став е невозможен без една филозофска, односно теоретска научна концепција за односот на човечките вредности и без создавање организирани услови, таков систем не може да се реализира. Значи, границите помеѓу филозофското и политиколошкото се тешко одредливи. Но, не треба да се заборави и нешто друго: историјата е полна со примери што покажуваат дека не мал број реакционерни режими се потпирале врз апсолутизацијата на некое филозофско гледање."[21]

Кога станува збор за односот помеѓу демократијата и етиката, на почетокот треба да се нагласи дека самиот термин *демократија* претставува еден од нај оширените термини кои се користат во општествени науки.

Така, за демократијата постојат голем број дефиниции за кои се претпоставува дека се точни и дека се во согласност со принципите на модерната наука. Демократијата претставува симбол и вредност во многу општества во

[20] Види: Финален извештај од мониторингот на медиумите за вонредните парламентарни избори, МИМ 2011, Скопје, Македонски институт за медиуми, 2011.

[21] Габер С., (1975) *Политиката и политичката наука,* Скопје, Наша книга, стр.67.

светот, така што секоја држава својот систем го прокламира како демократски, а со голема веројатност можеме да констатираме дека сите држави сакаат да го имаат овој епитет. Зборот *демократија* потекнува од грчкиот збор "демос" и "кратеон", што значат владеење на народот, политички поредок во кој власта му припаѓа на народот, држава во која на власт е народот преку своите претставници, депутати.

Во нововековната филозофија обично се говори за моралноста на политичарите, додека Роџер Скартон (Roger Scurton) тврди дека политичката практика нема ништо суштествено со моралот, бидејќи во неа "рацете треба да се брцаат со кал", а моралот има идеална насоченост. "Никола Макијавели во делото "Владател" им препорачува на владетелите да бидат како силни животни, стрвни и итри, да мислат само како безобѕирно ќе ја освојат власта, како неа доживотно ќе ја држат и како апсолутно ќе завладеат со сите процеси во општеството."[22] На Макијавели му се припишува најлошата етичко-политичка порака: Целта го оправдува средството! Секој метод и средство се дозволени само за да се реализира својата цел, тоа е прочуениот макијавелизам, кого го следеле многу диктатори, тирани и безмилосни владетели.

Но политиката не била секогаш лошо етички оценувана. Тоа што оние на власт понекогаш не мислат на моралноста на своите постапки, туку имаат поинакви цели и не им е грижа за етичките оценки, не значи дека мислителите не зборуваат за етичка димензија на политиката. Таткото на научната политика Аристотел, (писател на првата) авторот на "Политика", ги разгледувал поврзано етиката и политиката како два вида човеково однесување кои се блиски. "Еден од најкарактеристичните описи на античката демократија може да се најде во *Политика* (напишана помеѓу 335 и 323 година п.н.е.)."[23] Таа претставува книга која, објаснувајќи ги "законитите" форми на владеење, дава детална процена за демократијата, иако како модел на владење самиот Аристотел не ја одобрувал демократијата. Објаснувањето на Аристотел ги анализира барањата, етичките стандарди и норми на демократијата и јасно упатува кон клучните особини на бројни грчки демократии.[24]

Во денешниот свет, во многу држави основната политичка ориентација е демократијата. Демократијата е важна во човековиот живот, и покрај нејзините ранливости, таа останува најдоброто од сите управувачки уредувања. Во *Модели на демократијата,* Дејвид Хелд (David Held) пишува за важноста на демократијата. Меѓу другото тој вели: „демократијата не е лек за сите човечки проблеми, но таа го нуди најубедливиот принцип за легитимоста -согласноста на народот- како основа за политичкиот поредок."[25]

---

[22] Кирил Т, (2005), *Етика за III Година,* Скопје, Просветно дело АД, стр. 277.
[23] Хелд Д., (2008), *Модели на демократијата,* Скопје, Академски печат, стр. 30.
[24] Види: Aristotle, The Politics, стр. 195-198.
[25] Хелд Д., (2008), *Модели на демократијата,* Скопје, Академски печат, стр. 31-32.

Важно е да се разбере овој принцип и многуте дебати што тој ги поттикна, доколку во вековите што следат се појави и се прошири атрактивна и одбранлива престава за демократијата.

Приказната за демократијата, од античките времиња до денес, изгледа дека, сепак, е релативно "срећна". Во се поголем број земји, граѓаните-гласачи во принцип се способни да ги контролираат јавните креатори на одлуките, додека самите креатори на одлуките се способни да ги претставуваат интересите на нивните гласачи - "народот" на соодветната територија. Сепак, приказната за демократијата не е завршена со таквиот развој на настаните. Иако победата на демократските движења низ Централна и Источна Европа беше од големо значење, сепак, трансформацијата на политичките режими на други места во светот, како што е на пример Јужна Африка, остави многу нерешени прашања поврзани со демократската мисла и практика.

Во модерниот свет потребата од повторно поврзување на етиката и политиката најасно се гледа низ новите политички процеси и дејствија, како и преку нејзината нова аксиологија која се јавува како нужен дејствен императив на современото човеково практицирање. Уште повеќе, етиката сфатена како морална филозофија денес е можна само врз основа на постоечкиот "ethos" и неговите правила на заеднички живот, односно најмногу преку политичкото живеење, сфатено како збир од односи на граѓаните или државјаните на еден град, општина, држава, спрема чие дејствување и самата политика добива свое значење и смисла.

Од книгата "Политички идеали" на британскиот мислител Делајл С. Бернс наведуваме фрагмент за односот меѓу демократијата и етиката: "Демократија има само тогаш кога главна каректеристика на животот е она што му е својствено на човекот, она што прави луѓето да се разликуваат од животните, а цивилизираните од дивјаците. Такви својства се разумното расудување и моралната одговорност на единката за своите постапки... Ако во општеството управува разумот, одговорен за своите постапки, тоа е општеството во кое секој човек придонесува за заедничкиот живот со некоја мисла и чувства. Ниеден човек не ја дава само силата на своите мускули, туку секој се смета способен на заедницата да и даде нешто свое однатре. Според тоа, демократијата како идеал не е општеството на слични, туку на рамноправни луѓе, секој е интегрален и незаменлив дел на целината..."[26]

Од Ренесансата наваму, се раѓа идејата дека според природното устројство луѓето имаат одредени права – на живот, на немачење, на правдина, на сигурен имот, на слободен избор на религијата, на слободно мислење и зборување, на достоинство.

Развивањето на човековите права всушност ќе претставува изградба на нова етика и политика на човештвото во глобализација. Во секој случај, не смееме да ја испуштиме шансата, процесот на глобализација да го насочиме кон хумани цели и

[26] Темков К., (2005), *Етика за III Година, Скопје,* Просветно дело АД, стр. 281-282.

димензии.

## ЗАКЛУЧОК

Од она што е изложено во оваа статија, може да се заклучи дека оваа проблематика е едно од најзначајните полиња за подршка на еден демократски политички систем.

Ако Република Македонија посакува да биде стабилна демократска држава, нужно е да имплементира правила кои подолгорочно ќе функционираат и ќе создадат едно постабилно системско милје во кое политичките субјекти ќе изградат соодветна стратегија на дејствување, но и соодветна политичка култура.

Ова (го видовме) се поткрепува и со изложените ставови на неколку познати автори, и тоа не само од современите, како што се Верба и Олмон, туку и од поранешните мислители, како што се Русо, Ибн Халдун и други.

На крај, особено се препорачува понатамошно зреење на политичкиот и изборниот систем преку воведување на стандарди за етичко однесување. Се очекува дека ваквата промена ќе биде позитивен потсек особено за граѓаните, но и за политичките партии кои конечно мораат да се соочат со демократските процеси, пред сè во рамките на сопствените партии.

## CONCLUSION

From what is stated in this article, it can be concluded that this issue is one of the most important fields in support of a democratic political system.

If Macedonia wants to be a stable democratic state, it is necessary to implement rules that will work long-term and will create a more stable system environment in which political parties will build an appropriate strategy of action, and appropriate political culture.

This (we saw) is supported by The views of several famous artists, not only modern, such as Faith and Olmo, but the former thinkers such as Rousseau, Ibn Khaldun and others.

Finally, it is particularly recommended further maturing of the political and electoral system by introducing standards of ethical behavior. It is expected that this change will be a positive remind especially for citizens and political parties who finally have to face the democratic processes, primarily within their own parties.

## РАБОТНА БИБЛИОГРАФИЈА

Антонети, Ги. *Современата политичка и општествена историја.* Прев. Викторија Каранфилова-Китановска. Скопје: Арс Ламина ДОО, 2011.

Baladur, Eduard. Makiaveli në Demokraci. Прев. Pëllumb Nako. Tiranë: UEGEN, 2007.

Верегиќ, М. Душан. *Изборни прогнози.* Скопје: ИСППИ, 2000.

Ванковска, Билјана. *Политички систем*. Скопје: Бомат графикс, 2007.

Vidojević, Zoran. *Demokratija na zalasku*. Beograd: Institut Drustvenih Nauka, 2010.

Вилијам, Н. Дан. *Анализа на јавните политики.* Прев. Горан Арсов. Скопје: Академски печат, 2009.

Габер, Стефан. *Политиката и политичката наука*. Скопје: Наша книга, 1975.

Силјановска, Гордана, Татјана Трендафилофска и Рената Тренеска. *Прирачник за полагање преоден испит.* Скопје: Фондација Институт Отворено Општество во Македонија, 2001.

Демири, Бејтула. *Ислам и Политика*. Скопје: Логос-А, 2009.

Димитар Мирчев и Лидија Христова. *Модерната политикологија.* Скопје: Универзитет Фон и Култура, 2008.

Dean Geuras and Charles Garofolo. *Practiical Ethics in Public Administration*.

Vienna, Virginia: Management Concepts, 2005.

Емилија Симоска, Наташа Габер и Климе Бабунски. *Политичката култура на граѓаните на Република Македонија*. Скопје: ИСППИ, 2004.

El-Kardavi, Jusuf. *Vjera i Politika.* Прев: Fahrudin Smajlovič. Sarajevo: Bookline, 2011.

Климоски, Саво. *Уставен и Политички систем*. Скопје: Просветно Дело, 2000.

Каракамишева, Тања. *Избори и изборни системи*. Скопје: Култура, 2004.
Наташа Габер и Анета Јовевска. *Дизајнирање изборен систем во Република Македонија*. Скопје: Фондација Фридрих Еберт, 1997.

Габер, Наташа и Анета Јовевска. „Изборниот систем во Република Македонија – актуелни дилеми“, *Годишник на ИСППИ*, (2008):169-187.

Панзова, Виолета. *Науката како занает*. Скопје: Филизофски факултет, 2003.
Панзова, Виолета. *Прирачник за изработка на студентски трудови* (второ издание). Скопје: Филозофски Факултет, 2011.

Pažanin, Ante. *Etika i Politika*. Zagreb: Ocean Graf, 2001.

Political Socialisation & Political Culture, GVPT 100, Septembre 17, 2007.

Скратон, Роџер. *Политичка филозофија*. Прев. Александра Цветкович. Скопје: Просветно Дело, 2011.

Темков, Кирил. *Етиката во современета наука*. Скопје: Завод за испитување материјали и нови технологи „Скопје”, 2007.

Тушар, Жан. *Историја на политичките идеи.* Прев: Елена Ангелова. Скопје: Арс Ламина ДОО, 2011. (Од почетокот и XVIII век до денес)

Тушар, Жан. *Историјата на политичките идеи.* Прев: Елена Ангелова. Скопје: Арс Ламина ДОО, 2011. (Од XVIII век до денес)

Friedrich, Nietzsche. *Gjenealogjia e moralit.* Прев: Armand Dedej. Tiranë:

Uegen, 2011.

Хелд, Девид. *Модели на Демократија.* Прев. Мимоза Трајковска. Скопје: Академски печат, 2008.